РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-299/1
15-01-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 26-тата седница одржана на 30.12.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-1067/1 од 13.03.2025 година, оформен по доставена пријава со наводи за неправилности поврзани со стекнување на приходи и располагање со јавни средства на Универзитетот ///, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека во случајот врз основа на утврдената фактичка состојба во однос на располагањето со јавни средства на Универзитетот /// при спроведувањето на постапката за јавна набавка на стока за печатење на материјали по оглас број /// и при наплатата на средства од студентите за набавка на потрошни материјали во текот на 2025 година, во смисла на надлежностите на ДКСК не може да се констатира повреда на Закон.

ДКСК до Државниот завод за ревизија ќе достави барање ревизијата на Универзитетот /// односно на постапките за јавна набавка на стока за печатење на материјали да биде опфатена со годишна програма за работа на Државниот завод за ревизија.

Предметот со број 12-1067/1 од 13.03.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 13.03.2025 година, поднесена е пријава со наводи за неправилности поврзани со стекнување на приходи и располагање со јавни средства на Универзитетот ///, и оформен е предмет број 12-1067/1 од 13.03.2025 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на неоснована наплата на средства од студенти за потрошни материјали (картони, уплатници, тетратки, папки, индекси, футроли, маици), иако Универзитетот, по спроведена постапка за јавна набавка на истите ставки на потрошни материјали имал склучено договор во вредност од 9,000.000 денари.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барања за доставување податоци и информации до Универзитетот /// и до Министерството за образование и наука.

Од увидот во податоците и информациите доставени како одговор на барањето на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:
По спроведена постапка за јавна набавка по оглас број ///, Универзитетот /// застапуван од ректорот /// склучил договор за јавна набавка бр./// од /// година со ///, економски оператор којшто во посочената постапка за јавна набавка, по спроведена електронска аукција, бил избран за најповолен понудувач. Предмет на овој договор е набавка на стока за печатење на материјали и истиот е со вкупна вредност од /// денари со вклучен ДДВ.
Видно од содржината на техничката понуда којашто е составен дел на склучениот договор, предметот на договорот вклучува и набавка на ставки на потрошни материјали за кои подносителот во пријавата навел дека дополнително се наплатуваат од студентите. Согласно одредбите на договорот бр./// од /// година, сите ставки вклучени во техничката понуда се набавуваат сукцесивно, според потребите на Универзитетот, во текот на времетраењето на договорот, и се плаќаат од сметката на Универзитетот.
На барање на ДКСК Министерството за образование и наука во периодот од 27.08.2025 година до 05.09.2025 година изврши ревизија на располагањето со средства на Универзитетот /// при спроведувањето на постапката за јавна набавка по оглас /// за набавка на стоки/услуги. Во Ревизорскиот меморандум бр./// од /// година на Министерството за образование и наука доставен до ДКСК се содржани ревизорски заклучок, наоди и препораки кои се однесуваат на начинот на спроведувањето на постапката по огласот број ///, на реализацијата и следењето на договорот за јавна набавка бр./// од /// година и на материјалната евиденција на ставките набавени согласно договорот за јавна набавка бр./// од /// година.
Од увидот во документацијата за постапката за јавна набавка по огласот број ///, ревизијата констатирала дека се запазени чекорите во постапката за јавна набавка но со одредени слабости во утврдувањето на проценетата вредност на

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

набавката, во изготвувањето на тендерската документација, во изготвувањето на измените на тендерската документација и слабости кои се однесуваат на изготвување и комплементирање на договорот со понудата како и недоволно ефективни и превентивни контроли на доставените фактури од носителот на набавката и неусогласеност на интерното упатство за подготвување и спроведување на постапките за јавни набавки на Универзитетот /// со новиот Закон за системот за внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор *(„Сл.весник на РСМ" бр.255/2024)* и со Законот за јавните набавки *(„Сл.весник на РСМ" бр.24/19, 87/21 и 14/25)*.

Според член 10 став 1 и став 2 од Законот за високото образование, јавните високообразовни установи самостојно располагаат со средствата добиени од партиципација од студентите и/или школарина од студентите, како и со другите сопствени приходи, а располагањето со овие средства се уредува со општ акт на јавната високообразовна установа и/или на единицата на високообразовната установа.

Според член 125 став 1 алинеја 9 од Законот за високото образование, високообразовните установи можат да стекнуваат средства и од други извори. Според член 125 став 2 и став 4 од Законот, овие средства се сопствен приход на високообразовната установа со кој таа слободно располага во согласност со законот и општите акти на високообразовната установа, и тие средства можат да се акумулираат и да се префрлуваат во наредната фискална година.

Во однос на наводите од пријавата кои се однесуваат на наплата на средства од студентите, при ревизијата било утврдено дека трошоците за картони за студенти и папки за дипломи паѓаат на трошок на Универзитетот и се финансираат со средства од уплатата на семестарот, додека студентите плаќаат за индекс, за уверение за диплома и за диплома.

Имајќи ги предвид ревизорскиот заклучок и наодите содржани во Ревизорскиот меморандум бр./// од /// година на Министерството за образование и наука, ДКСК утврди дека во случајот врз основа на утврдената фактичка состојба во однос на располагањето со јавни средства на Универзитетот /// при спроведувањето на јавна набавка по оглас број /// и при наплатата на средства од студентите за набавка на потрошни материјали во текот на 2025 година, во смисла на надлежностите на ДКСК, не може да се констатира повреда на Закон. Со оглед на идентификуваните слабости и со оглед на наодите презентирани во Ревизорскиот меморандум бр./// од /// година на Министерството за образование и наука, за располагање со средствата на Универзитетот /// при спроведување на постапката за јавна набавка по оглас број /// за набавка на

стоки/услуги, односно одредени обрасци кои им биле наплатувани на студентите од страна на Универзитетот, ДКСК до Државниот завод за ревизија ќе достави барање ревизијата на Универзитетот /// односно на постапките за јавна набавка на стока за печатење на материјали да биде опфатена со годишна програма за работа на Државниот завод за ревизија.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК